Предмет на извршената ревизија на успешност е реализација на Проектот Нови лични документи на МВР на РМ во периодот од септември 2000 заклучно со 30.04.2007 година.

Ревизијата на успешност е активност планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на Државен завод за ревизија за 2006 и 2007 година и Пилот проект извршен во рамките на активностите на Твининг проектот кој заеднички се реализира од страна на Државен завод за ревизија со Холандскиот суд за ревизија.

Ревизијата на успешност за реализација на Проектот Нови лични документи е активност спроведена од страна на ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија.

Целта на ревизијата на успешност е да се даде оценка за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност кај Проектот Нови лични документи.

Оценувањето на економичноста подразбира формирање на мислење за користените ресурси (човечки, финасиски, материјални), односно мислење за тоа дали средствата се стекнати, одржувани и користени на економичен начин или барем на најразумен начин на користење на јавни средства.

Оценувањето на ефикасноста подразбира формирање на мислење за тоа дали овие средства се искористени оптимално или на правилен начин. Со ефикасноста се дава оценка на односот помеѓу вложувањата, потрошеното време и добиениот квалитет, претставува формирање на мислење за тоа дали програмите, проектите, субјектите и активностите се ефикасно раководени, регулирани, организирани и спроведени, дали услугите се добиени навреме и дали целите се реализирани на најповолен финансиски начин.

Оценувањето на ефективноста претставува формирање на мислење за степенот до кој целите се реализирани имајќи го во предвид односот помеѓу планираните и остварените/постигнатите резултати од активноста.

Од аспект на исполнување на обврските превземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и Европските заедници и нивните земји членки во делот Правда и внатрешни работи – безбедност на патните документи и откривање на лажни документи, ревизијата на успешност ја постави следната цел:

**Дали македонските граѓани ќе добијат Нови лични документи кои се согласно меѓународните стандарди, ЕУ законодавството и домашната регулатива од оваа област?**

За олеснување на давање оценка на поставената ревизорска цел, ревизијата на успешност се насочи кон следните прашања:

1. Дали е постигната усогласеност на домашната законска регулатива во сите значајни аспекти со ЕУ законодавството и меѓународните стандарди од оваа област?
2. Дали постои усогласеност меѓу составните делови на потпишаниот Договорот со Giesecke and Devrient?
3. Зошто настанале отстапувања од одредбите во Договорот со Giesecke and Devrient и реализација на истиот?
4. Дали набавената опрема за Проектот е во функција на Проектот Нови лични документи?

5. Дали опремата е евидентирана кај носителот на Проектот?
6. Кои мерки носителот на Проектот ги превзема за заштита?
7. Што МВР на РМ превзема со цел намалување на долгите редици за добивање на нови лични документи?
8. Колку чини Проектот Нови лични документи?
9. Дали се почитувани одредбите од Закон за јавни набавки?

Прашањата произлегоа од оценетата ризичност во следните области:

А. Правна рамка;
Б. Финансиска конструкција и реализација на Проектот Нови лични документи;
В. Евиденции и
Г. Поделба на должности за реализација на Проектот Нови лични документи.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 од овој извештај.